# ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

# РЕАЛИЗАЦИЈА
# НА КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ
# 2017-2021



# Монографија

## *„РЕАЛИЗАЦИЈА НА КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА 2017-2021“*

**Издавач:**
Општина Крива Паланка

**Уредници:**
Жаклина Цветковска
Лилјана Стојановска

**Фотографии:**
Стојанче Величковски
Роберт Величковски
Виктор Петровски

**Дизајн**
Стојанче Величковски

**Печати:** „Винсент Графика“ Скопје
**Тираж:200**

**Крива Паланка**
**2021**


ГРАДСКА АПТЕКА
ГРАДСКА АПТЕКА

# ПРЕДГОВОР



Почитувани сограѓани,

Со одговорно, домаќинско и посветено работење во изминатите четири години, покажавме дека работите можат да се движат во позитивна насока и да се реализираат проекти што се од огромно значење за нашата Крива Паланка и за регионот во целина. Со спроведувањето на голем број проекти, ја менуваме генералната слика и личната карта на општината, со модерен и современ изглед, како пристојно место за живеење и творење на сите сегашни и идни генерации.

Раководењето со општината, не претставува пронаоѓање пат кон успехот, туку градење пат кој води кон позитивни промени, европски дух и развој, силна верба и визија за подобар живот, пат кон современа и модерна Крива Паланка.

Крива Паланка е град со богато минато, култура и традиција. Генерации луѓе во изминатите неколку векови давале печат на градот под Осоговието. Чаршијата, занаетите, трговијата, приказните, преданијата и легендите, сведочат за тоа со колку љубов нашите претци го граделе овој град. Историјата на Крива Паланка не чини горди, но истовремено не обврзува и на одговорност да го продолжиме континуитетот и на идните генерации да им оставиме град достоен за живот и иднина.

Денес, кога XXI век носи нови предизвици иницирани од брзите промени, акциите бараат прилагодување, но и визија за идниот развој, со реален план како тоа да го оствариме. Суштината на визијата е Крива Паланка да ја градиме како економски развиен, демократски и социјално одговорен град.

Крива Паланка е крстопат каде што се среќаваат минатото и историјата со иднината и современите текови на живеење. Богатата историја на просторот на Кривопаланечко, во кој се пресретнувале и вкрстувале различните култури, е наша обврска овој културно-духовен кампус да биде

значаен атрибут во стратегијата, визијата и проекцијата на нашиот развој. Артефактите и културните слоеви таложени низ времето, го дефинираат нашиот пат низ времето. Овој силен предизвик и понатаму ќе не води низводно по реката на времето, да ги откриваме затрупаните во песок траги од нашата цивилизациска сложувалка и да ја надополнуваме со нови атрибутивни клучалки од современиот свет.

Пред нас се отвораат многу предизвици, иницирани од промените на глобален план, од националната и регионалната развојна стратегија, од општинската стратегија за локален економски развој, со сите потреби и специфичности на нашето подрачје. Крива Паланка презема значајни чекори во планирањето на сопствениот развој со јакнење на локалните капацитети и развојна политика во функција на локален одржлив развој како долгорочен, континуиран и сеопфатен процес кој влијае на сите аспекти на животот: економски, социјални, еколошки и институционални.

Еден од приоритетите на нашата визија е економскиот развој, кој како концепт за сегашноста и за иднината, треба да обезбеди постојан економски раст, што освен економски ефикасен технолошки напредок, иновативност и други цели, обезбедува и намалување на сиромаштијата, долгорочно подобрување во користење на ресурсите, нови работни места и подобар квалитет на животот.

Како стратешко место од Пан-европскиот транспортен коридор 8, основен приоритет на нашиот развој е патното и железничкото поврзување на нашата земја, а со тоа и на Крива Паланка со Р. Бугарија. На активностите за изградба на железничката пруга интензивно се работи. За втората делница Бељаковце – Крива Паланка веќе се обезбедени околу 580 милиони евра, а за третата делница Крива Паланка – Деве Баир за која се потребни 500 милиони евра се преговара со меѓународни финансиски институциии. Очекуваме овој капитален проект целосно да биде завршен до 2028 година. Тоа ќе се овозможи побрз проток на стоки, луѓе и идеи. Терминалот со инфраструктурата и нејзиното одржување ќе обезбедат нови работни места во нашата општина.

Новото патно поврзување на Крива Паланка со Софија ќе има исти ефекти врз нашата економија. Експресниот пат на делницата Страцин – Крива Паланка и надградбата на трета лента од Крива Паланка кон граничниот премин Деве Баир се во тек на активна изградба. Регионалното поврзување со Р.Србија преку граничните премини Голеш - Босилеград и Огут – Трговиште, како и првата делница од с.Узем кон РОЦ Тораница – како дел од регионалната конекција со Македонска Каменица, фазно се комплетираат. Овие значајни инфраструктурни проекти ќе отворат нови можности за локалната економија и развојот на општината.

Развојот на земјоделството и руралниот развој се дел од визијата и стратегијата за развој на општината. Во изминатите 4 години, заедно со месните заедници, напорно се работеше и на подобрување на руралната инфраструктура и ревитализацијата на селските населби, кои се значајна алка во оваа сфера. Во овој сегмент на развојот, општината веќе аплицира за

програмите ИПАРД 2, со кои се предвидени средства за руралната јавна инфраструктура. Овие мерки во пракса ќе донесат позитивни ефекти во наредните неколку години.

Останува приоритетот за развојот на локалната економија и создавање услови за привлекување странски инвеститори и отворање нови индустриски капацитети, на што во следниот период ќе се посвети поголемо внимание и ќе се стави акцент на креирањето на развојни програми и проекти за искористување на домашни и странски фондови.

Завршувањето на процесот на гасификација на Општина Крива Паланка е проект од суштинско значење. Крива Паланка е една од првите општини во државата, која во процесот на гасификација влегува со подготвена техничка документација и со веќе поставена мерна станица, како и одобрение за градба на секундарна и терцијална мрежа во градот. Во тек се активности што во одреден период треба да завршат со дефинирање на начинот на финансирање и заокружување на целокупниот процес.

Крива Паланка има потенцијали и широки можности за развој на туризмот. Општината ќе ги мобилизира сите институционални потенцијали на локалната самоуправа за промоција и инвестирање на локалитетот Калин Камен на Осоговските Планини, но и во сферата на искористување на алтернативните видови на енергија- сончева, хидро и еолна - за развој на зелената економија, одржливото искористување на природните ресурси, енергетската ефикасност, заштитата на природата и спречувањето на климатските промени.

Пред локалната администрација стои и обврската за зајакнување на капацитетите во спроведувањето на законот за туристичка дејност, остварување на улогата во утврдувањето на стандардите во туризмот и подобрувањето на туристичката атрактивност и понуда. Во рамките на Програмата за развој на туризмот, акцент е ставен на историскиот, манастирскиот и еко-туризмот. Прогласувањето на Осогово за заштитено подрачје од петта категорија и на локалитетот Градиште во с.Градец се само еден мал сегмент од целокупниот потенцијал. Во оваа понуда ќе се вклучат и културните манифестации и фестивали што Крива Паланка ги има во изобилство.

Училиштата, како основен индикатор на развојот, со својата програма се профилираат во функција на потребите на општеството со воведување на дуални струки и нови насоки во средното образование, кои ќе го следат трендот на развојот на општината, но во исто време и дигитализацијата и осовременувањето на целокупниот воспитно-образовен процес.

Невладиниот сектор со своите иницијативи и проекти во повеќе области од општествено-економскиот развој на општината веќе е значаен партнер на локалната заедница. Оттука, развојот на невладините организации и особено нивната активност, практики и програми со кои придонесуваат за решавање на прашања од значење за одржливиот развој, демократизација на општеството, владеење на правото, заштита на животната средина, промоција на вредностите, подигање на свеста за значајни теми во јавниот живот и друго, ќе бидат перманентна поддршка на општината.

Во развојната програма со невладиниот сектор веќе и заживува нов инструмент од областа на социјалната заштита - нега и грижа на стари лица и лица со тешка попреченост, вонинституционално и во домашни услови.

Младинскиот активизам и спортот се еден од приоритетите во визијата за развој на општината, а врвните трофејни спортови, како кошарката, фудбалот, пинг–понгот, каратето и други, ќе бидат предмет на посебна грижа за развојот на младата популација во локалната заедница. Ќе се поддржуваат иницијативи што ќе му даваат содржина и смисла на младинското ангажирање. Успешните спортисти и понатаму ќе се стимулираат преку општински стипендии, а паралелно со тоа ќе се инвестира уште повеќе во спортската инфраструктура.

Екологијата, заштитата на природната околина и развојот на еколошката свест се во најтесна врска со стратегијата и визијата за развој на општината. Со посебни проекти ќе се решаваат горливите проблеми од оваа област од глобално значење:

- Намалување на биолошкото загадување со промена на системот за управување со смет и изградба на Регионална депонија во Свети Николе;
- Финализирање на Проектот за фекални и атмосферски води и изградба на пречистителна станица;
- Изработка на нов Локален еколошки план како база на активности со еколошки приоритети и други активности.

Целта на еколошкиот одржлив развој е да ги сочуваме квантитетно и квалитетно медиумите: воздух, почва, вода, шуми, биодиверзитет и други области на животната средина.

Општина Крива Паланка не ја прави само градот, туку уште 33 населени места. Обврска на развојот е да заживее селото од сите аспекти – економски и општествени, и животот таму што е можно повеќе да го направиме сличен на животот во градот. Планираниот развој треба да им излегува во пресрет на идните генерации и да не ја загрозува нивната способност во задоволувањето на сопствените потреби. За таа цел, освен со инфраструктура во урбаниот дел, интензивно ќе продолжиме да инвестираме и во руралните подрачја на општината.

Наша цел е Крива Паланка, како град на богато минато, да продолжиме да го градиме и трансформираме во град на уште подобра и побогата иднина. Крива Паланка да биде привлечно место за живеење, двигател на сопствениот одржлив развој, со задоволни и мотивирани граѓани, со препознатливи особености и културно-историски вредности, град на европска култура, на модерни и современи општествени движења, град со економски перспективи, дом и пристојно место за живеење на сегашните и на идните генерации.

Со почит,
Градоначалник
Борјанчо Мицевски

**РЕАЛИЗИРАНИ**
**КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ**
**ВО КРИВА ПАЛАНКА**
**ВО ПЕРИОД**
**2017 – 2021 ГОДИНА**

# 1. РЕГИОНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

## ➢ ИЗГРАДБА НА ЕКСПРЕСЕН ПАТ РАНКОВЦЕ – КРИВА ПАЛАНКА



Нова **модерна делница** во должина од 23 км
Во тек е интензивна градба на терен
**Вкупна инвестиција**: 58.000.000 €
**Инвеститор:** Обезбедена кредитна линија од Светска Банка

## ➢ РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА МАГИСТРАЛЕН ПАТ РАНКОВЦЕ-КРИВА ПАЛАНКА



Целосно **реконструирана делница**, во должина од 21 км
**Вкупна инвестиција:** 12.000.000 €
**Инвеститор:** Светска Банка

## ➢ РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ИЗГРАДБА НА МАГИСТРАЛЕН ПАТ КРИВА КРИВА ПАЛАНКА – ГРАНИЧЕН ПРЕМИН ДЕВЕ БАИР





Во тек **градежни работи** за проширување на магистралниот пат со трета лента, во должина од 13 км и обезбедување на безбеден сообраќај
**Вкупна инвестиција:** 10.000.000 €
**Инвеститор:** Европска банка за обнова и развој

## ➢ ИЗГРАДБА НА РЕГИОНАЛЕН ПАТ УЗЕМ – ТОРАНИЦА



Градежни работи во **завршна фаза**, патот во перспектива ќе овозможи регионално поврзување со Македонска Каменица и подобрени услови за непречено функционирање на РОЦ „Тораница“
**Должина на делницата**: 9 км
**Вкупна инвестиција:** 1.700.000 €
**Инвеститор:** Европска банка за обнова и развој

- **ИЗГРАДБА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА РЕГИОНАЛН ПАТ КОН ОГУТ И ПОВРЗУВАЊЕ СО ТРГОВИШТЕ**



Поставен **нов асфалт**, со вкупна должина од 24 км
Патниот правец ја поврзува Крива Паланка, населбите Осичка Маала и Домачки Дол со селата Осиче, Габар, Метежево и Огут
Третата фаза за асфалтирање на 9 км е во тек
**Вкупна инвестиција:** 1.146 342 €
**Инвеститор:** ЈП Државни патишта

- **ИЗГРАДБА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ПАТЕН ПРАВЕЦ КОН ГОЛЕМА ЦРЦОРИЈА И ГРАНИЧЕН ПРЕМИН КОН ГОЛЕШ**



**Рехабилитација** на регионален пат Р2250, делница м.в.Самоков-Трново, Киселица, Дубровница, Крстов Дол, Голема Црцорија-м.в.Голеш
**Вкупна инвестиција:** 940.000 €
**Инвеститор:** ЈП Државни патишта

## 2. ЛОКАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

- **ИЗГРАДБА НА НОВ ГРАДСКИ ПЛОШТАД И ГРАДСКИ ПАРК**



Реконструкција на Градскиот плоштад и Градски парк“, како дел од проектот **„Крива Паланка - Источна порта на ЕВРОПА – Туристичка фестивалска атракција“**

Нов **редизајниран локалитет**, со отворени сцени, нов амфитеатар, зелени површини, урбана опрема

**Инвеститор:** ЕУ (ИПА 2) и ЕЛС Крива Паланка, менаџиран од Светска Банка преку Единицата за спроведување на ,,Проект за локална и регионална конкурентност“

**Вкупна инвестиција:** 48.120.370 денари

**Учество на Општина Крива Паланка:** 6.651.421,00 денари

## ➢ ИЗГРАДБА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ЛОКАЛЕН ПАТ КОН МАНАСТИР„СВЕТИ ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ“





**Рехабилитација** на патот кон манастирот „Св.Јоаким Осоговски“-с.Варовиште, санирани свлечишта, изградени потпорни ѕидови во должина од 3 км
Програмата за рурален развој - АФПЗРР
**Вкупна инвестиција:**15.928.346 денари

**Инвеститори:** МПЦ Кумановско-Осоговска епархија- проектна документација, Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР)- 13.498.598 денари
Општина Крива Паланка - 2.429.748 денари

## ➢ РЕГУЛАЦИЈА НА КРИВА РЕКА-ПРВА ФАЗА




**Реализиран проект** „Регулација на дел од минор коритото на Крива Река–дел 1“
**Потег:** Од мост кај ООУ „Јоаким Крчовски“ до населба Бегови Бавчи, 926 метри
**Вкупна инвестиција:** 21.00.000 денари

**Инвеститор**: Министерство за финансии и Светска Банка

**Вкупна реализација** до 31.08.2021 година : 12.757.863,00 денари со ДДВ (5-та временска ситуација)

## ➢ РЕГУЛАЦИЈА НА КРИВА РЕКА-ВТОРА ФАЗА





Од Виолетов Мост до Автобуска станица- 200 метри
**Вкупна инвестиција:** 7.832.665 денари
**Инвеститор:** Министерство за животна средина и просторно пл

## ➢ РЕГУЛАЦИЈА НА КРИВА РЕКА-ТРЕТА ФАЗА




Од Автобуска станица до Осички Мост- 200 метри
**Вкупна инвестиција:** 3.990.675 денари

**Инвеститори:** Министерство за животна средина и просторно планирање- 3.600.000,00 денари, со ДДВ

Општина Крива Паланка - 390.675,00 денари со ДДВ

- **Изградба на регулација и хортикултура на минор корито на Крива Река** – дел 3-та фаза, во должина од 217 метри и изградба на 3 пешачки мостови на Крива Река

Тендерска постапка  во тек,  се чека избор на изведувач
**Вкупна инвестиција:** 7.261.436,80 денари
**Инвеститор:** грант средства од Светска Банка







## ➢ РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ГРАДСКИ УЛИЦИ, ПРИСТАПНИ ПАТЕКИ И ЗЕМЈЕНИ ПАТНИ ПРАВЦИ











- Во изминатите 4 години **санирани и рехабилитирани** се поголем број на улици во градското подрачје и тоа: нас.Мечковци, нас.Белево, ул.Климент Охридски, нас.Скрљава, ул. 8-ми Октомври, ул.Лисец, ул.Пере Тошев, ул.Ратко Минев, ул.Херој Карпош, ул.Партизанска, пристапна улица до спортски центар, нас.Единство, ул.Прохор Пчински, ул.Вардарска, нас.Домачки Дол, ул.Лозановска, ул.Калин Камен, ул.Јоаким Крчовски, ул.Момир Стојановски, ул.Јане Сандански, ул.Ацо Шопов, ул.III Македонска ударна бригада, ул.Илинденска, ул.Моша Пијаде



- На поголем број на кракови или делови од улици е работено на **поплочување со камени плочи** и изградба на **пристапни патеки**, како во нас.Лозаново, нас.Илинденска, ул.Ристена Гогова, ул.Илинденска, нас.Мечковци, ул.Климент Охридски.

• Во руралните средини е работено на **тампонирање, прочистување, одводнување и расчистување** на патни правци во следните населени места: Мождивњак, Борово, Конопница, Мартиница, Дренак, Дурачка Река, Кркља, Трново, Киселица, Дубровница, Крстов Дол, Голема Црцорија, Мала Црцорија, Луке, Подржикоњ, Нерав, Огут, Метежево, Габар, Градец, Осиче



**Вкупна инвестиција:** за 4 години над 35.000.000 денари
**Инвеститор**: сопствени средства на Општина Крива Паланка

- **ИЗГРАДБА НА ТРОТОАРИ НА ГЛАВНАТА УЛИЦА**

**Изградени** тротоари долж главната градска улица, на потегот од Старата чаршија до излезот на градот, во должина од 3500 метри
Видно подобрена безбедноста на пешаците и сообраќајот

**Вкупна инвестиција:** 9.792.680,00 денари со ДДВ

**Општина Крива Паланка:** 2.115.458 денари

**Инвеститор:** Проектот е финансиран од Биро за регионален развој , Програма за рамномерен регионален развој за 2020 година, Проекти за развој на плански региони

- **ИЗГРАДБА НА ТРОТОАРИ НА ГЛАВНАТА УЛИЦА ВТОРА ФАЗА**



**Аплицирано** е за втората фаза и за нови средства, во висина од околу 11.000.000 денари
Се очекува одобрување за доизградба на тротоари од центарот на градот кон спортски комплекс и изградба на габиони од десната страна на улицата „Св.Јоаким Осоговски“

- **ИЗГРАДБА НА ПОТПОРНИ ЅИДОВИ НА УЛИЦИТЕ „НИКОЛА ТЕСЛА“, „БАГЛАЧКА“ и „11 ОКТОМВРИ“, фаза 1 и фаза 2**





**Изградени** потпорни ѕидови, обезбеден сигурен пристап и заштита на имотот и безбедноста на жителите.

**Вкупна инвестиција:** 9.500.000 денари
**Инвеститор:** Општина Крива Паланка

- **ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ КОН НОВИТЕ ГРАДСКИ ГРОБИШТА**





**Во тек е реконструкција и асфалтирање** на локалниот пат кон новите Градски гробишта, со уредување на паркинг простор
**Проект:** „Изградба и рехабилитација на локални патишта“
**Вкупна инвестиција:** 190.627 €

**Инвеститор**: Министерството за транспорт и врски, Светска Банка

- **ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ  ВО СЕЛО ТРНОВО**





**Саниран и асфалтиран** патниот правец кон село Трново-прва фаза до комплекс Трновски Ветар

**Вкупна инвестиција:** 6.000.000 денари
**Инвеститор**: АФПЗРР

- **Изграден локален пат во село Голема Црцорија-делница маала Рупје до маала Баратлици и крак до школо (околу 3 км)**

**Изграден  дел од локален пат во село Трново од Трновски ветар до селска  продавница**



**Вкупна инвестиција:**16.477.968 денари

**Инвеститор**: АФПЗРР

## ➢ ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ВО СЕЛО КОНОПНИЦА






- **Изградба** на локален пат во с. Конопница м.в.Кула (Лиска) м.в. Стублица кон спој со А2 во должина 1473,72 метри
  **Вкупна инвестиција:** 10.005.418 денари
  **Инвеститор :** АФПЗРР

- **Реконструкција** на локален пат за н.м.Конопница, во должина од 310,76 метри на локација Црква до м.в.Спас

  **Вкупна инвестиција:** 3.736.800 денари

**Инвеститор**: Биро за Регионален Развој, Министерство за локална самоуправа.

- **Во подготовка** изградба на локален пат во месноста Чифлик во село Конопница (кај Домот)
**Вкупна инвестиција:** 4.500.000 денари

**Инвеститор:** Програма ТАВ

## ➢ ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ВО НАСЕЛБА МИЗОВСКИ ЛИВАДИ



Во подготовка е изградба на локален пат во населбата Мизовски Ливади, крак 2 и крак 4

**Вкупна инвестиција:** 14.523.000 денари

**Инвеститор:** Програма ТАВ

## ➢ ИЗГРАДБА НА УЛИЦА „ВРШАЧКА“




**Извршен вовед во работа за** изградба на улица „Вршачка“

**Вкупна инвестиција:** 10.000.000 денари

**Инвеститор:** Програма ТАВ

## ➢ ТАМПОНИРАЊЕ НА ПАТ - КРСТАТА ПАДИНА



**Вкупна инвестиција:** 1.207.545денари

Се чека избор на изведувач преку СИПР

**Инвеститор:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

## ➢ МОДЕРНИЗАЦИЈА НА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ






**Извршена модернизација** на уличното осветлување по ЕСКО модел, според договор за јавно-приватно партнерство
**Планирана** заштеда на годишна потрошувачка на електрична енеригија од околу 80 проценти и реализација на идејата за Smart City

**Вкупна инвестиција:** 65.517.730 денари
**Проектот е реализиран со Јавно-приватно партнерство - ЈПП со ЕСКО компанија МакедонскиТелеком.**

- **Уредување** на каналот во нас.Скрљава,со вкупна должина од 264 метри



Вкупна инвестиција: 2.900.000 денари

**Инвеститори**: Министерството за животна средина и просторно планирање, Општина Крива Паланка.



- **РЕГУЛАЦИЈА НА КОРИТОТО НА ,,КУКОВ ДОЛ"**

**Избран** е изведувач и подготвителните работи се во тек
**Вкупна инвестиција:** 1.870.000 денари

**Инвеститор**: Општина Крива Паланка

## ➢ ПОСТАВУВАЊЕ НА ФОТОВОЛТАИЧНИ ИНСТАЛАЦИИ ЗА ОПШТИНСКИТЕ УЧИЛИШТА



**Поставени фотоволтаични инсталации** на кровните кострукции на ООУ „Јоаким Крчовски", ООУ „Илинден" и СОУ „Ѓорче Петров", со вкупна моќност од околу **70 KW**

**Значително намалување** на потрошувачката на електрична енергија и финасиските средства за оваа намена

**Вкупна инвестиција:** 2.400.000 денари

**Инвеститори**: ЕУ, Министерство за финансии

## ➢ ИЗРАБОТКА НА НОВ ГУП НА КРИВА ПАЛАНКА

**Во завршна фаза** изработка на ГУП за Крива Паланка, со површина на опфат од околу 650 ха во К.О. Крива Паланка, К.О. Конопница, К.О. Мартиница, К.О. Варовиште, К.О. Дреење, К.О. Лозаново, К.О. Градец Општина Крива Паланка

**Во фаза на финална изработка** од страна на Агенција за планирање на просторот

**Вкупна инвестиција:** 11.000.000 денари

- **ИЗРАБОТКА НА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ПАТЕН ПРАВЕЦ ВАРОВИШТЕ-КОШАРИ**

**Изработена** техничка документација за локален патен правец Крива Паланка – Варовиште – Кошари – Б'с
**Вкупна инвестиција:** 1.000.000 денари
**Инвеститор:** Министерство за локална самоуправа

- **ПРОЕКТ ЗА ПАТЕН ПРАВЕЦ КРИВА ПАЛАНКА – КОШАРИ - КАЛИН КАМЕН**



**Должина:** 7 км

**Одобрена инвестиција** за прва фаза: 9.500.000 денари

Распишана тендерска постапка, се чека на избор на изведувач

- **ПРОЕКТИРАЊЕ НА УЛИЦА –ЛЕВ БРЕГ**

**Проектирање на улица** лев брег-од Зелен пазар до Станица за технички преглед на моторни возила
**Инвеститор:** Министерство за финансии

- **ПРОЕКТИРАЊЕ НА УЛИЦА кај Ловечки Дом во нас.Единство**

**Проектирање и изградба на улица во населба Единство**
**Инвеститор:** Аплицирано во Министерство за транспорт и врски
**Вкупна инвестиција:** 4.300.000 денари

### ➢ ПРОЕКТИРАЊЕ НА НОВ ГРАДСКИ ПАРК

Проектирање на нова парковска површина Смарт Парк, под стамбени згради до зелен градски пазар
**Инвеститор:** Општина Крива Паланка

**Вкупна инвестиција:** 360.000 денари



## 3. ИНВЕСТИЦИИ ВО ЛОКАЛНИ ИНСТИТУЦИИ

### ➢ УРЕДУВАЊЕ НА EU HOUSE КРИВА ПАЛАНКА



**Уредена и отворена** EU House Крива Планка како простор за младите, нивните потенцијали и развој на вештини, преку промовирање на европски вредности

**Вкупна инвестиција:** 6.000.000 денари

**Инвеститори:** Делегација на ЕУ во РСМ, Општина Крива Паланка

- **ИЗГРАДБА НА НОВ КАТ НА ГРАДИНКАТА ЈОУДГ „ДЕТЕЛИНКА“**



**Во тек** градежни работи за изградба на нов кат на Детската градинка „Детелинка“, објект на ул. „Илинденска“, во централното подрачје
**Капацитет:** 100 деца

**Вкупна инвестиција:** 23.500.000 денари
**Инвеститори**: Светска банка, Министерство за труд и социјална политика, Општина Крива Паланка со 1.800.000 денари

- **НОВА ФАСАДА И СТОЛАРИЈА ЗА ЈОУДГ „ДЕТЕЛИНКА“**



**Изградена нова** фасада и **комплетна замена** на столарија на ЈОУДГ „Детелинка“
**Подобрен**а енергетската ефикасност и условите за престој и работа

**Вкупна инвестиција:** 90.000 €

**Инвеститор**: УНОПС, Амбасада на Кралство Норвешка во РСМ

➢ **ПРОШИРУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ВО ЈОУДГ „ДЕТЕЛИНКА“**



**Реализиран** проектот за пренамена, адаптација и проширување на капацитетите на ОЈУДГ “Детелинка”.

**Вкупна инвестиција:** 2.800.000 денари
**Инвеститор**: Фондацијата Отворено Општество Македонија

➢ **ЗАМЕНА НА КРОВ ВО ЈОУДГ „ДЕТЕЛИНКА“**



**Извршена замена** на азбесен покрив со лимена конструкција

**Вкупна инвестиција:** 2.999.233 денари
**Инвеститор**: сопствени средства на ОЈУДГ “Детелинка”

## ➢ СИСТЕМ ЗА ЗАТОПЛУВАЊЕ ВО ЈОУДГ „ДЕТЕЛИНКА“





**Инсталација** на котли на пелети
**Вкупна инвестиција:** 1.803.040 денари
**Инвеститор:** Министерство за економија

## ➢ НАБАВКА НА НОВО ВОЗИЛО ЗА ЈОУДГ „ДЕТЕЛИНКА“






**Обезбедено ново возило** за транспорт и дистрибуција на храна во сите три клонови

**Вкупна инвестиција:** 849 945,00 денари
**Инвеститор**: сопствени средства на ОЈУДГ “Детелинка”

## ➢ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ НА ООУ „ИЛИНДЕН“



- **Реновирана** спортска сала  во матичното училиште, промена на стар и дотраен паркет со нов гумиран под со сите стандарди и опрема со спортски реквизити
  **Вкупна инвестиција:** сопствени средства во износ од 2.500.000,00 денари



- **Извршена комплетна замена** на внатрешната столарија во матичниот објект и реконструкција на санитарните јазли

- **Извршена замена на врати на училници, административни простории, вкупно 42, во матично училиште и влезна врата и врати на тоалети во ПОУ Мождивњак**

  **Вкупна инвестиција:** 4.000.000 денари

  **Инвеститор: сопствени средства на ООУ„Илинден“**

- **Реновирана и опремена** наставничка канцеларија во ООУ „Илинден“
  **Вкупна инвестиција**: 350.000,00 денари

  **Инвеститор: сопствени средства на ООУ„Илинден“**





- **Направена** ограда и врати на училишниот двор во ПОУ Мождивњак,со помошна просторија за дрва и помошна просторија во ПОУ Конопница

**Вкупна инвестиција:** околу 300.000,00 денари

**Инвеститор: сопствени средства на ООУ„Илинден“**

- **Реконструирана покривна конструкција и санација на објектите во училишна зграда во Мождивњак 1**

  **Вкупна инвестиција:** 60.000,00 денари

  **Инвеститор: сопствени средства на ООУ„Илинден“**



- **Извршено** асвалтирање на училишниот двор и опремување на спортскиот терен

  **Вкупна инвестиција:** 360.000 денари

  **Инвеститори:** Општина Крива Паланка, Здружение ТАКТ и Германско

  друштво за меѓународна соработка

- **Опремена** специјализирана просторија за полесно изучување на англиски јазик, со современи дигитални помагала, смарт табла, компјутер и друга опрема

  **Вкупна инвестиција:** 90.000 денари

  **Инвеститор:** донација од Мировен корпус.

## ➢ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ООУ„ЈОАКИМ КРЧОВСКИ“





- **Извршена реконструкција** на внатрешните подови, замената на подните плочки, целосната санација на 27 санитерни јазли, замена на доводна и одводна мрежа

- **Опремени училници** со смарт телевизори, достапен интернет, смарт табли

  **Вкупна инвестиција:** 7.000.000 денари

- **Санирана постоечка фасада**, со поставување на термоизолациска-енергетски ефикасна фасада и добие енергетски ефикасен објект

  **Вкупна инвестиција:** 4.896.619,00 ден.

- **Извршена адаптација и реконструкција** на комуникации и скали во централниот објект

  **Вкупна инвестиција:** 1.775.427,00 денари



- **Извршена адаптација и реконструкција** на ѕидовите и плафоните во комуникации во централниот објект

  **Вкупна инвестиција:**1.869.092,86 денари

- **Адаптација и реконструкција** на санитариите во зграда Партизан

  **Вкупна инвестиција:**1.525.221,98 денари

- **Извршена санација** на подовите на училниците во централниот објект

  **Вкупна инвестиција:** 1.014.667,00 денари

- **Извршена рекострукција** на оградата на дворното место со изградба на потпорен зид во должина од 50 и висина 3 метри во ПОУ с. Луке

  **Вкупна инвестиција:** 2.120.436,00 денари

- Во тек е **постапка за регулација** на атмосферската вода и поставување на тартан подлога на кошаркарското игралиште и изградба на настрешница во функција на училиштето

  Постапката за избор на изведувач е во тек.

## ➢ РЕКОНСТРУКЦИЈА И АДАПТАЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ НА СОУ „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ“




- **Извршена реконструкција** на кров и реновирање на фасада
  **Вкупна инвестиција:** 2.714.723,34 денари
- **Набавени** метални шкафови за архивирање на трајни документи

  **Вкупна инвестиција:** 94.400 денари

- **Обезбедена опрема** за уредување на кабинети од угостителско-туристичка струка

  **Вкупна инвестиција:** 861.400 денари

- **Реконструкција и адаптација** на простории на приземје и кат во главна зграда на СОУ Ѓорче Петров
  **Вкупна инвестиција:** 2.359.990 денари

- **Оградување и партнерно уредување** на отворено спортско игралиште

со тартан подлога
**Вкупна инвестиција:** 7.589.662,06 денари

- **Набавка** и поставување на клима уреди
  **Вкупна инвестиција:** 198.712 денари

- **Набавка** на канцелариски и училишен мебел
  **Вкупна инвестиција:** 193 520 денари

- **Набавка** и поставување на ролетни за заштита од сонце во училишните простори и кабинетите
  **Вкупна инвестиција:** 225.682,08 денари





## 4. ИЗГРАДБА НА КОМУНАЛНА И УРБАНА ИНФРАСТРУКТУРА

### ➢ ЗАМЕНА НА АЗБЕСТНИ ЦЕВКИ НА ГРАДСКИОТ ВОДОВОД





**Извршена замена** на азбестните водоводни цевки со полиетиленски водоводни цевки на 2,8 км од водоводната мрежа. (делови од улиците „Моша Пијаде“, „Партизанска“, „Херој Карпош“, „8 Октомври“, „11 Октомври“, „Никола Тесла“ и „Борис Кидрич“)

**Проект: „Реконструкција на дел од водоводна мрежа во град Крива Паланка“**
**Вкупна инвестиција:** 210.000 €

**Инвеститор:** Влада на РСМ и Европска инвестициска банка

### ➢ ПОСТАВУВАЊЕ НА ДИГИТАЛНИ ВОДОМЕРИ





**Сите постоечки водомери се заменети со дигитални**, кои ќе овозможуваат далечинско отчитување на состојбата на месечно или годишно ниво

**Опфатени** околу 4.500 домаќинства

**Проект:** „Замена на инсталација на мерни инструменти и нивна интеграција во мобилната мрежа за далечинско отчитување, комплетна надградба со инсталација и конфигурација на опрема за отчитување во системот за водоснабдување“

**Имплементатор:** ЈП„Комуналец“
**Вкупна инвестиција:** 615.000 €

**Инвеститори:** Министерство за транспорт и врски, Влада на РСМ и Европска инвестициска банка

- **ИЗГРАДБА НА НОВ ВОДОСНАБДИТЕЛЕН СИСТЕМ ВО СЕЛО ЛУКЕ**



**Изградена примарна и секундарна** водоводна мрежа во населените места Просарци, Камењарци и Мачовци, со вкупна должина од 3,1 км

Програма за управување со води
**Вкупна инвестиција:** 5.800.000 денари

**Инвеститор:** Министерство за животна средина и просторно планирање

- **ИЗГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО СЕЛО КОНОПНИЦА**



**Реализиран** проект „Изградба на канализација за отпадни води за дел од с.Конопница“

Програма за рамномерен регионален развој
**Вкупна инвестиција:** 3.900.000 денари

**Инвеститор**: Биро за регионален развој, Министерство за локална самоуправа

- **ИЗГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО НАСЕЛБА ,,БУРОВИ БАВЧИ“ И КРАК ВО НАСЕЛБА „БОЈАНОВ ДОЛ“**





**Изграден** фекален колектор во нас. Бурови Бавчи и „Бојанов Дол“

**Решен** долгогодишен проблем на жителите

**Вкупна инвестиција:** 3.127.908,00 денари

**Инвеститор:** Влада на РСМ/ Министерство за транспорт и врски

- **Изградена** канализациска мрежа за отпадни води за населба „Крстата Падина“ во село Градец, крак К1и крак К2, во должина од околу 1 км

**Опфатени** околу 40 куќи. со околу 150 жители
Вкупна инвестиција: 1.875.121,00 денари
Инвеститори: Бирото за регионален развој, Општина Крива Паланка



- **ИЗГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО НАСЕЛБА „МИЗОВСКИ ЛИВАДИ“**



**Опфатени** околу 45 куќи. со околу 120 жители
**Вкупна инвестиција:** 2.591.831,00 денари
**Инвеститори**: Бирото за регионален развој, Општина Крива Паланка

- **ИГРАДБА НА ДЕЛ ОД КАНАЛИЗАЦИЈА ВО НАСЕЛБА „ЦОНЕВ РИД“**





**Опфатени** околу 15 куќи со околу 50 жители
**Вкупна инвестиција:** 500.000 денари
**Инвеститори:** Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец

- **НАБАВКА НА МЕХАНИЗАЦИЈА ЗА ЈП„КОМУНАЛЕЦ“**




**Набавено** моторно возило за одржување на локални и регионални патни правци за ЈП „Комуналец“

**Проект**: „Безбеден сообраќај во зимски услови во Општина Крива Паланка“

**Вкупна инвестиција:** 3.075.000 денари

**Инвеститор:** Биро за регионален развој

## ➢ НАБАВЕНО НОВО ВОЗИЛО-СКИП ЗА ЈП„КОМУНАЛЕЦ“




**Набавено** мулитфункционално возило –скип, со кое е зголемена ефикасноста за собирање на смет и подобрена комуналната хигиена
**Вкупна инвестиција:** 250.000 €
**Инвеститори**: Светска банка, Министерство за финансии

## ➢ НАБАВЕНО НОВО ВОЗИЛО ЗА СМЕТ ЗА ЈП„КОМУНАЛЕЦ“

**Набавено** ново специјално возило за собирање на комуналниот отпад
**Вкупна инвестиција:** 65.000 €
**Инвеститор**: Донација на Амбасадата на Јапонија во РСМ

## ➢ НАБАВЕНИ НОВИ ВОЗИЛА ЗА СМЕТ ЗА ЈП„КОМУНАЛЕЦ“

**Набавени 3 возила** за смет од кои 2 нови и едно половно, како и дополнително **уште две** половни возила.












**Инвеститори:** сопствени средства на ЈП „Комуналец“ и Агенција за одземен имот

- **ЗАТВОРАЊЕ НА ГРАДСКА ДЕПОНИЈА/ 3 НОВИ ВОЗИЛА ЗА ЈП„КОМУНАЛЕЦ“/НАБАВЕНИ 196 НОВИ КОНТЕЈНЕРИ**



**Проект:** Проект за регионално управување со отпад
**Трајно затворање** на постоечката Градска депонија во с. Конопница и депонирање на отпадот во нова Регионална депонија Еко Исток-Североисток во с.Мечкуевци, Свети Николе
**Набавени** 3 нови возила за смет од 4, 6 и 10 метри кубни за ЈП „Комуналец“

**Набавени** 192 нови садови за смет, со зафатнина од 1.1 метар кубен

**Вкупна инвестиција:** само за Крива Паланка околу 800.000 €
**Инвеститори**: Европска комисија, Министерство за животна средина и просторно планирање

- **МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ГРАДСКИОТ ПАЗАР СО НОВА ИНФРАСТРУКТУРА**



- **Создадени услови** за работа на Градскиот зелен пазар
- **Набавени и поставени** 120 покриени продажни тезги
- **Набавени и поставени** 30 специјализирани дрвени куќички
- **Набавени и поставени** 20 разладни витрини

**Вкупна инвестиција:** 8.000.000 денари
**Инвеститор: АФПЗРР**

## ➢ ИЗГРАДБА НА ГРАДСКА КАПЕЛА




**Изградена** Градска капела на новите градски гробишта во с.Конопница, според сите стандарди за погребални услуги

**Исполнето** долгогодишно барање на жителите на Крива Паланка

**Вкупна инвестиција:** 1.200.000 денари

**Инвеститор:** сопствени средства на ЈП„Комуналец“

## ➢ ИЗРАБОТКА И ПОСТАВУВАЊЕ НА АВТОБУСКИ ПОСТОЈКИ




**Направени и поставени** 11 брендирани постојки на автобуски стојалишта

**Инвестиција:** 190.000 денари

- **ИЗРАБОТКА И ПОСТАВУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИ ПАТОКАЗИ**




**Поставени** 2 билборда, 35 патокази, урбана опрема составена од клупи и корпи за отпадоци и опремен детски парк во „Болничка Ливада“

**Реализатор:** ЛАГ ,,Осоговски Лисец“

**Вкупна инвестиција:** 320.000 денари

**Инвеститор:** МЖСПП

## 5.СПОРТСКО–РЕКРЕАТИВНА ИНФРАСТРУКТУРА



- **ГРАДСКИ СТАДИОН**

**Изградени и уредени** атлетска патека со тартан, терен за мини голф и скејт-парк на спортскиот комплекс
**Проект:** „Подобра спортска инфраструктура, подобро здравје за сите“

**Вкупна инвестиција:** 6.614.368 денари
**Инвеститори**: Амбасадата на Република Бугарија во РСМ, Општина Крива Паланка

## ➢ ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКА ПАТЕКА И РЕГУЛАЦИЈА НА КОРИТО ВО МЕСНОСТА „БАБИН ДОЛ“




**Изградена пешачка патека** на потегот од спортскиот комплекс кон манастирот „Св.Јоаким Осоговски“, со должина од 885 метри

**Проект:** „Одржливо искористување на културното наследство на Дупница и Крива Паланка“

Активностите се во тек.
**Вкупна инвестиција:** 496.000 €

**Инвеститор:**ЕУ-ИПА програма за прекугранична соработка на ЕУ помеѓу Бугарија и Република Северна Македонија.

## ➢ ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКО-РЕКРЕАТИВНА ПАТЕКА НА „СТАРА ВАДА“





**Изградена и уредена** пешачко-рекреативна патека, со летниковци и друга инфраструктура на локалитетот „Стара Вада“
**Должина:** 868 метри
**Проект:** „Туризам без граници“
**Партнер:** Општина Витина, Република Косово

**Вкупна инвестиција:** 6.000.000 денари
**Инвеститор**: ИПА-Програма за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Косово, Општина Крива Паланка

- **ИЗГРАДБА НА ТЕРЕН ЗА МИНИ ГОЛФ НА ОТВОРЕНО**




**Уредено** мини голф игралиште на кејот на Крива Река во централното градско подрачје и фитнес зона на отворено
**Проект:** „Младите од Бугарија и Македонија заедно за туризам како превенција за здравјето“
**Имплементатори:** Центар за развој на СИПР, Фондацијата за здравствена превенција, Република Бугарија

**Вкупна инвестиција:** 708.634,00 денари

**Инвеститор:** ИНТЕРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка Бугарија-Македонија

- **УРЕДУВАЊЕ НА ФИТНЕС ЗОНА НА КЕЈОТ НА КРИВА РЕКА**






**Уредена** нова фитнес зона, со повеќе поставени справи на кејот на Крива Река за рекреација и баланс на телото, под брендот Баланс+

**Вкупна инвестиција:** 240.000 денари

**Инвеститор:** „Бимилк“

## ➢ ИЗГРАДБА НА НОВО ИГРАЛИШТЕ ВО УЧЕНИЧКИ ДОМ „БОРО МЕНКОВ“




**Изградено** ново современо игралиште за баскет на спортскиот терен на Ученичкиот дом „Боро Менков“

**Комлетно опремено** со спортска и урбана опрема, соодветно осветлено со рефлектори

**Вкупна инвестиција:** 1.900.000 денари

**Инвеститор:** Агенцијата за млади и спорт

## ➢ УРЕДУВАЊЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ „СТАНЕЧКИ ВОДОПАДИ“



**Во тек** изградба на пешачко-рекреативна патека од училиштето во с.Станци до локалитетот Станечки Водопади, поврзување со локалитетот Калин Камен на Осоговски Планини, поставување на урбана опрема, клупи и места за одмор, платформа за набљудување на водопадот и други содржини

**Проект:** „Да ги поврземе бисерите"

**Партнер:** град Лесковац и Центарот за развој на Пчињско – Јабланичкиот регион, Србија

**Вкупна инвестиција:** 236.445,00 €

**Инвеститор:** ЕУ- Програма за погранична соработка помеѓу Србија и РСМ

- **РЕНОВИРАЊЕ НА СОБЛЕКУВАЛНИТЕ НА ГРАДСКИОТ СТАДИОН**



**Распишан повик** за избор на изведувач за реновирање на помошниот објект на фудбалскиот терен кај спортскиот комплекс (обнова на фасада, пристап, соблекувални, тоалети, помошните простории и тераса, која ќе се адаптира во ВИП ложа)

**Вкупна инвестиција:** 3.000.000 денари
**Инвеститор:** Агенција за млади и спорт

## 6. МОДЕРНИЗАЦИЈА И ТЕХНИЧКО ДООПРЕМУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ УСТАНОВИ И ОБЈЕКТИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС

### ➢ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА САЛА ВО НУ ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА



Започна **санација и опремување** на кино салата, галерискиот простор, гардеробите, тоалетите, а предвидено е и поставување на нов систем за осветлување
**Проект:** „Санација, поправка и опремување на НУ Центар за култура“

**Вкупна инвестиција:** 4.125.460 денари
**Инвеститор:** Министерство за локална самоуправа/Биро за регионален развој

### ➢ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФАСАДА НА ЛУ ГРАДСКИ МУЗЕЈ



**Отпочнува** санација на фасадата на Музејот, со подобрување на енергетската ефикасност, комплетирање на системот за централно греење и користење на енергетски ефикасни суровини и обновливи извори на енергија
**Проект:** „Модерен музеј – европски град“

**Вкупна инвестиција:** 1.593.000 денари
**Инвеститор:** Министерство за локална самоуправа/Биро за регионален развој

## ➢ РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТ ЗА СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ НА СТАРИ ЛИЦА





**Проект:** „Одговорни институции-среќни граѓани“ со кој е обезбедена бесплатна нега и помош во домашни услови за 40 стари, изнемоштени и осамени лица од Општина Крива Паланка, опслужувани од 20 сертифицирани негуватели.

**Имплементатори:** Општина Крива Паланка, Црвен крст на РСМ-ООЦК Крива Паланка

**Вкупна инвестиција:** 11.500.000 денри

**Инвеститор:** Министерство за труд и социјална политика

## ➢ НАБАВКА НА ВОЗИЛО ЗА ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ





**Набавено возило** во рамки на проектот „Социјална инклузија на корисници на Дневни центри за лица со посебни потреби и подобрување на социјалните услуги преку подобрување на нивниот транспорт“

**Вкупна инвестиција:** 2.169 660 денари

**Инвеститор:** Средствата се обезбедени преку Советот за социјална заштита на Североисточниот плански регион, со поддршка од Швајцарската развојна агенција

➢ **ИЗГРАДБА НА НОВА САЛА ЗА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА**






**Целосно реконструирана и опремена** големата сала на Советот на Општина Крива Паланка, со модерна опрема и инвентар
**Реновирана** и малата сала
Видно подобрени условите за работа на советниците.
**Проект:** „Промоција на туристички атракции во 3Д“

**Вкупна инвестиција:** 7.000.000 денари
**Инвеститор:** ИПА ЦБЦ програмата на ЕУ, преку ЦРСИПР

- **ОПРЕМУВАЊЕ НА ТППЕ КРИВА ПАЛАНКА**



- **Вработени** 6 нови пожарникари

- **Набавка** на поволно возило ТАМ 70 т14 донација од Општина Загорје покрај Сава





**Вкупна вредност**: 4000 €

- **Набавка** на возило Фолксфаген АМАРОК - трајна сопственост на ТППЕ Општина Крива Паланка
**Инвеститор:** донација од Влада на РСМ , Општина Крива Паланка

- **Набавени** 18 пп црева ф 52 („Ц“) и 2 Стакло кршачи
**Вкупна инвестиција:** 100,182,00 денари
**Инвеститор:** Општина Крива Паланка

- **Набавени** вкупно 17 напртњачи за гасење на пожари на отворено
**Вкупната вредност:** 80.250.00 денари
**Инвеститор:** Општина Крива Паланка

- **Набавени** нови униформи и нова опрема
**Вкупната вредност:** 354.000 денари

## 7. СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ, МЛАДИ, ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТА







- ИЗРАБОТЕНА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ 2020-2025
- ИЗГОТВЕНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА 2019-2024
- ОДОБРЕН ПРОЕКТ НА УНДП - РЕЛОАД ЗА ФИНАСИРАЊЕ НА ГРАНТОВИ ЗА МЛАДИ
- СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ
- ВОВЕДЕН ГИС СИТЕМ ЗА ИНТЕГРИРАНИ ПОДАТОЦИ ОД ТЕКОВНИ ПРОЦЕСИ
- ВОВЕДЕНИ ПРОЦЕДУРИ ОД ИСО СТАНДАРДИЗАЦИЈА
- ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА Е НА ТРЕТО МЕСТО ПО ТРАНСПАРЕНТНОСТ ОД 96 РАНГИРАНИ ИНСТИТУЦИИ: ОПШТИНИ, ВЛАДА И МИНИСТЕРСТВА

## 8.МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

- Остварено е збратимување со Град Бор, Р.Србија, Град Жупања, Р.Хрватска, Општина Перечин Р.Украина, Општина Грос Цимер Р.Германија



- За почесни граѓани на Крива Паланка се прогласени:

Самуел Жбогар- Амбасадор на Делегација на ЕУ во РС Македонија

Кристијан Тимоние- Амбасадор на Франција на РС Македонија

Наталија Задорожњук- Амбасадор на Украина во РС Македонија



## 9. ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

- МОНОГРАФИЈА ЗА КРИВА ПАЛАНКА 1633-2020- проф. д-р Јордан Михајловски

- РАЗВОЈОТ НА СПОРТОТ ВО КРИВА ПАЛАНКА И КРИВОПАЛАЧЕЧКО -проф. д-р Јордан Михајловски

- ДОАЈЕНИ НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА И СПОРТОТ ВО КРИВА ПАЛАНКА -проф. д-р Јордан Михајловски

- ТОПОНИМИЈАТА ВО КРИВОПАЛАНЕЧКО – проф. Весна Миовска

- ИСТОРИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕТО И ПРОСВЕТАТА ВО КРИВА ПАЛАНКА -проф. д-р Јордан Михајловски



Добрите дела не се создаваат за да сведочат за градителите, туку да донесат благодат, подобар живот и задоволство за граѓаните. А граѓаните ги бираат најдобрите градители на кои им ја даваат довербата да создаваат капитални дела.

Визијата за Крива Паланка како современ и модерен европски град од година во година се повеќе станува реалност.

Мисијата за посветено и пожртвувано вложување во изградбата и развојот на нашата општина се пресликува во панорамата на новоизградени објекти, инфраструктура, простори за изразување на интелектуалните способности и креативноста, ефикасната заштита на капиталот на општината, стратешко планирање според најсовремени стандарди. Но, и преку зголемување на свеста за сопствената одговорност, обрската и должноста да се вложува во подобар квалитет на живот и да им се дадат подеднакви можности на сите граѓани.

Пред нас се уште многу предизвици и неопходен е континуитет за да ги оствариме зацртаните цели.

Ресурсите на Крива Паланка се неисцрпни, треба само да знаеме да ги искористиме на најдобар можен начин и да отвориме нови поглавја , со нови можности за идните генерации.

Плановите се веќе исцртани, продолжуваме да ги преточуваме во нови дела и резултати, на секој фрагмент да му дадеме целина и да создадеме единствена поврзаност на придобивките од вложувањето на секој поединец за развојот на нашата општина.

Крива Паланка е наш град, општина на сите кривопаланчани, место гостопримливо и отворено за сите соработници, гости, пријатели, добронамерници. Крстопат на кој врз минатото се гради сегашноста и се инвестира во иднината.

Остануваме посветени на идејата Крива Паланка да биде примамливо и достојно место за секој граѓанин, градот на две реки да остане душата и срцето на секој кривопаланчанец, бил овде или некаде далеку. Да бидеме поврзани и секој грст можност и иницијатива да ја посветиме на нашиот град под Осоговието.

Општина Крива Паланка останува доследна на заложбите да биде одговорна и транспарентна општина, во духот на демократските процеси и децентрализацијата, партиципативно креирање на локалните политики и задоволување на потребите на граѓаните.

Општина Крива Паланка

